АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.03.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1974 | 1 | |

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

Согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2015 година, предвидено е редовниот административен надзор над работата на издавачите на печатени медиуми во врска со почитувањето на обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми да се изврши во февруари 2015 година. Меѓутоа, за време на вршењето на редовниот надзор (27 февруари 2015 година) не беа издадени нови броеви на месечните магазини „Auto Focus", „Моја земја" и „Убавина&здравје" на кои би се извршил надзорот, а на постоечките изданија веќе беше извршен контролен административен надзор на 10 февруари 2015 година. Затоа редовниот надзор над овие печатени медиуми се врши дополнително.

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Auto Focus", Друштво за издаваштво и информативна дејност од областа на земјоделството и руралниот развој ФФРМ МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Моја земја" и Друштво за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазинот "Убавина&здравје", и тоа:

   **2.1.** изданието бр.90 на месечниот магазин „Auto Focus" од март 2015 година,
   **2.2.** изданието бр.112 на месечниот магазин „Моја земја" од март 2015 година и
   **2.3.** изданието бр.82 на месечниот магазин „Убавина&здравје" од март 2015 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 13 март 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, според кој *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

## 5. Констатации од надзорот:

**5.1.** **Обврската** **<u>во целост ја исполни</u>** само Друштвото за издаваштво и информативна дејност од областа на земјоделството и руралниот развој ФФРМ МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Моја земја"

**5.2.** Обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми кај другите два издавачи на печатени медиуми е **<u>само делумно исполнета</u>**:

| Печатен медиум | Издавач на печатен медиум | назив и адреса на седиштето на издавачот на медиум | адреса на седиштето на уредништвото | име на одговорното лице на издавачот на медиум | име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото | назив на печатницата | адреса на печатницата | датум на печатење или препечатување | број на печатени примероци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Auto Focus | Друштво за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | нема адреса | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| Убавина& здравје | Друштво за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје | нема адреса | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |

Предлог – мерките за издавачите на печатените медиуми кои не ја исполнија во целост обврската се дадени во посебните извештаи кои се доставуваат во прилог на овој извештај.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***